# ИЗВЕШТАЈ

## ОД АНКЕТА ЗА ПЕРЦЕПЦИЈА НА СТУДЕНТИТЕ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВАТА

**(зимски семестар, 2024-2025 академска година)**

Во зимскиот семестар 2024/2025 за студентите на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје, беше реализирано on-line пополнување на анкетата за оценување на квалитетот на наставата.

Во анкетата која се реализираше преку Iknow системот, студентите извршија евалвација на квалитетот на наставата одржана од страна на 14 професори. При тоа, беа проследени 171 одговор од студентите на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ - Скопје. Реализираната анкета е проследена до сите професори на нивните електронски адреси. Исто така, сите одговори од анкетата се достапни on-line на платформата за анкети на УКИМ, на која секој професор има пристап преку лозинката од Iknow.

Просечната оцена од анкетата за квалитетот на настава на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ за зимскиот семестар 2024/25, на скала од 1 до 5 е **4,72.** Оваа оценка ги одразува високите стандарди на наставниот процес проценети од страна на студентите.

Во продолжение се истакнуваат следниве забелешки од анкетираните студенти:

**Позитивни аспекти:**

- Студентите се исклучително задоволни од квалитетот на наставата на Факултетот;

- Истакнати се добриот пристап до професорите и ефикасноста на студентската служба, што придонесува кон сеопфатното задоволство од условите за студирање.

**Забелешки и предлози за унапредување:**

- Библиотечен фонд: Потребни се постојани предлози за збогатување на фондот на стручната литература во библиотеката;

- Број на студенти: Некои студенти укажуваат дека малиот број на студенти кои студираат на Факултетот може да влијае на динамиката на групната работа;

- Комуникација: Забележано е од страна на одредени студенти дека има потреба од подобрување на комуникацијата помеѓу студентите и професорите, посебно во однос на

одговарањето на мејловите со барања за дополнителни материјали или за информации за изработка на семинарски работи.

**Заклучок:**

Анкетата за перцепција на студентите за квалитетот на наставата на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје за зимскиот семестар 2024/2025, дава сеопфатна позитивна слика за наставниот процес. Сепак, идентификувањето на неколку области за унапредување – како што се збогатувањето на библиотечниот фонд, оптимизирањето на бројот на студенти и подобрувањето на комуникацијата меѓу студентите и професорите – укажува на можности за понатамошно развивање и усовршување на условите за студирање.

Овој извештај служи како важна алатка за континуирано подобрување на квалитетот на наставата и за воспоставување на дијалог меѓу студентската заедница и наставниот кадар.

**Комисија за изведување на студентската анкета -**

**Перцепција на студентите за општите услови за студирање:**

Вон. проф. д-р Анета Јовковска, претседател

________________________________________

Доц. д-р Дарко Анев, член

________________________________________

Доц. д-р Кирче Трајанов, член

________________________________________